РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 15-2946/2
24 11 2011 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/11 и 51/11) и член 53 став 3 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08 и 24/11), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за исполнетост на условите за запишување во Регистарот на субјекти за вршење на научно-истражувачка дејност

1.Приватниот научен институт „Институт за општествени и хуманистички науки" – Скопје се запишува во Регистарот на субјекти за вршење на научно-истражувачка дејност што го води Министерството за образование и наука со реден број **30**.

2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Приватниот научен институт „Институт за општествени и хуманистички науки" - Скопје, поднесе барање број 15-2946/1 од 04.10.2011 година за запишување во Регистарот на субјекти за вршење на научно-истражувачка дејност и усогласување на нормативно-правните акти на Институтот со Законот за научно-истражувачка дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08 и 24/11).

Комисијата за утврдување на исполнетоста на условите за вршење на научно-истражувачка дејност, формирана со Решение број 15-3127/1 од 31.10.2011 година изврши проверка на исполнетоста на условите за почеток со работа, предвидени во член 18 од Законот за научно-истражувачката дејност.

Комисијата по извршената проверка до министерот за образование и наука поднесе извештај бр.15-2946/2 од 24.11.2011 година во кој е содржан предметот за исполнетост на условите за вршење на научно-истражувачка дејност на приватниот научен институт „Институт за општествени и хуманистички науки" - Скопје.

Согласно предлогот на Комисијата за исполнетоста на условите за вршење на научно-истражувачка дејност на приватната научна установа „Институт за општествени и хуманистички науки" – Скопје, министерот за образование и наука одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**м-р Панче Кралев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ
2

**Доставено до:**
- **именуваниот**
- **архива**

изготвил: Наташа Костова
одобрил: Киријакула Мојсовска